

# ИНКЛУЗИВНО КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

## ШТО Е АУТИЗАМ?

Аутизмот е доживотна невролошка состојба која се манифестира во раното детство, без разлика на пол, раса или социо-економски статус. Терминот растројство од аутистичниот спектар (РАС) опфаќа низа различни карактеристики, меѓу кои доминираат поинакви и единствени социјални интеракции, нестандардни начини на учење, силен интерес за одредени теми, склоност кон рутини, предизвици во вообичаената комуникација посебни начини на обработка на сензорни информации.

При тоа важно е да се има предвид следново:

• Момчињата имаат 4 пати поголема веројатност да бидат дијагностицирани со аутизам отколку девојчињата;

• Аутизмот може да се дијагностицира уште на 2-годишна возраст, но повеќето деца се дијагностицираат по 4-годишната возраст;

• Околу 31% од децата со РАС имаат интелектуална попреченост, 25% се во граничниот опсег и 44% имаат IQ резултати во просечен до натпросечен опсег, т.е. IQ >85;

• Аутизмот се појавува кај сите етнички и социоекономски групи;

• Децата со аутизам страдаат од гастроинтестинални нарушувања;

• Повеќе од половина од децата со аутизам имаат хронични нарушувања на спиењето.



## ТЕМАТА НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА АУТИЗМОТ ВО 2022 ГОДИНА Е „ИНКЛУЗИВНО КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ“

Како и сите деца, така и учениците со растројство од аутистичниот спектар растат и се развиваат кога се во средини каде што се чувствуваат ценети и каде што чувствуваат дека припаѓаат. Се покажа дека инклузијата „води до академски напредок, вклучително и подобри резултати на стандардизирани проценки, остварување на образовни цели, повисоки оценки, подобрено однесувања и мотивација за учење“ кај учениците со попреченост.

Успешните инклузивни средини не се случуваат случајно. Тие се градат со внимателно планирање, подготовка и изведба од страна на наставници, стручни служби и раководства во училишна средина каде доминира култура на почит, инклузивност и стремеж кон квалитет.

Аутизмот е доживотна невролошка состојба која се манифестира во раното детство, без разлика на пол, раса или социо-економски статус. Терминот растројство од аутистичниот спектар (РАС) опфаќа низа различни карактеристики, меѓу кои доминираат поинакви и единствени социјални интеракции, нестандардни начини на учење, силен интерес за одредени теми, склоност кон рутини, предизвици во вообичаената комуникација посебни начини на обработка на сензорни информации. При тоа важно е да се има предвид следново:

• Момчињата имаат 4 пати поголема веројатност да бидат дијагностицирани со аутизам отколку девојчињата
• Аутизмот може да се дијагностицира уште на 2-годишна возраст, но повеќето деца се дијагностицираат по 4-годишната возраст
• Околу 31% од децата со РАС имаат интелектуална попреченост, 25% се во граничниот опсег и 44% имаат IQ резултати во просечен до натпросечен опсег.
• Аутизмот се појавува кај сите етнички и социоекономски групи
• Децата со аутизам страдаат од гастроинтестинални нарушувања
• Повеќе од половина од децата со аутизам имаат хронични нарушувања на спиењето.

Стигматизацијата и дискриминацијата поврзани со невролошката различност остануваат суштински пречки за дијагноза, интервенција и третман, образование. вработување и учество во социјалниот и културниот живот. Со соодветна поддршка, прилагодувања и прифаќањето на оваа невролошка варијација им овозможуваат на лицата еднакви можности и целосно и ефективно учество во општеството.

## 30 РАБОТИ КОИ СИТЕ НАСТАВНИЦИ ТРЕБА ДА ГИ ЗНААТ ЗА АУТИЗМОТ ВО УЧИЛНИЦАТА

Со оглед на фактот што бројот на ученици со растројство од аутистичниот спектар постојано се зголемува, сè повеќе наставници во своите училници ќе се соочат со предизвикот ученици со аутизам. Иако подучувањето на дете со аутизам може да изгледа застрашувачко, тоа често се покажува како една од најсветлите и најблагородните точки во кариерата на наставникот. Со цел да Ви помогнеме полесно да ги разберете учениците со аутизам Ви претставуваме неколку совети и сознанија за полесно да се подготвите за секојдневието во Вашата инклузивна училница.

**Ако сте запознале едно дете со аутизам, сте запознале едно дете со аутизам**

Важно е да знаете дека сите деца со растројство од аутистичниот спектар се единствени; она што е карактеристично за едно дете не мора да е карактеристично и за друго. Додека некои деца со аутизам се невербални, други имаат неверојатен талент за музика и уметност. Затоа, на секое дете треба да му пристапи различно и наставата да се планира и изведува на начин својствен за Вашиот ученик.

**Можно е детето со аутизам да се движи нагоре низ спектарот**

Како наставник, најверојатно ќе добиете на увид продлабочена и стручна документација за наодот и дијагнозата на Вашиот ученик. Но, запомнете дека детето не треба да биде етикетирано според местото на спектарот. Дури и ученик кој се смета за „ниско функционален“ може да се движи нагоре низ спектарот со соодветна терапија.

**Како и сите деца, децата со аутизам имаат силни и слаби страни**

Како што е случај со секој ученик, децата со аутизам имаат свои силни и слаби страни. Некои можеби имаат одлична меморија, имаат тешкотии читањето и изговарањето зборови. Треба да бидете подготвени за различни степени на тешкотии кои детето со аутизам ќе ги има со различните предмети, а можно е воопшти и да ги нема.

**Почитувајте ги рутините**

Децата со нарушувања во аутистичниот спектар напредуваат преку повторување и рутина. Можете да помогнете да се намали стресот со тоа што ќе ја разберете рутината на детето и ќе се придржуваат до неа колку што е можно повеќе. Така, можете да спречите тантруми, изливи на лутина и непотребниот стрес. Структурирајте го работниот ден или час на ист начин за да формирате сопствена рутина во училницата, бидејќи како што покажуваат истражувањата доследната рутина им користи на сите деца, не само на оние со аутизам.

**Бидете свесни за сензорните проблеми - што се тие и зошто можат да бидат проблем**

Веројатно не сме свесни за сопствените сензорни проблеми кога ги имаме. Ако музиката е прегласна, ја намалуваме; ако ни е претопло, го соблекуваме џемперот. Но, децата со растројство од аутистичниот спектар не можат да се справат со сензорните предизвици на ист начин како невротипичните луѓе, бидејќи нивните сетила имаат не им даваат веродостојни информации. Ако меѓу учениците имате дете со аутизам, треба да размислите со какви сензорни проблеми и предизвици тоа може да се соочи во Вашата училница, и да подготвите стратегии за соодветно интервенирање.

**Навикнете се на движење, лулање, чекорење, и мавтање**

Децата со растројство од аутистичниот спектар често покажуваат поинакви однесувања и движења, најчесто во вид на мавтање со рацете, лулање напред-назад, вртење или чекорење. Иако таквото однесување може да го одвлече и Вашето внимание и вниманието на другите ученици, не заборавајте дека тоа не е намерата на детето со аутизам; тоа е репетитивен шаблон кој го смирува и утешува детето.

**Давајте упатства со што е можно помалку зборови**

Децата со растројство од аутистичниот спектар обично имаат проблем со разбирање вербални упатства и насоки. Кога давате упатства, користете што е можно помалку зборови за детето да има помалку за процесирање. Доколку е потребно, на детето со аутизам дајте му упатства и насоки одвоено.

**Бидете подготвени да давате упатства и насоки на различни начини**

Веројатно ќе треба да смислите и подготвите повеќе различни начини за давање упатства и насоки. Користење визуелни помагала и пишување упатства во неколку чекори кои се лесни за следење може да е од корист за дете со аутизам кое има проблеми со обработката на вербални насоки.

**Социјалните ситуации се тешки за децата со растројство од аутистичниот спектар**

Децата со аутизам имаат проблем со воочување и толкување социјални сигнали, што може да предизвика конфузија и нелагодност кај детето и неговите врсници. Можете да помогнете со тоа што ќе посветите посебно внимание на социјалното опкружување во одделението и, кога е потребно, со моделирање на правилно однесување пред сите ученици.

**Не плашете се да потрошите време подучувајќи специфични општествени правила и вештини**

Доколку е потребно, издвојте време за подучување на ученикот со аутизам на специфични социјални правила и вештини. Примерите за тоа можат да бидат: како да се чека ред за лизгалка, како да се побара острилка од соученик или како да му се честита на победничкиот тим во некоја игра.

**Не ги сфаќајте навредливи зборови лично**

Бидејќи децата со аутизам често немаат социјални вештини, тие понекогаш даваат коментари кои можат да се протолкуваат како злобни или несоодветни. Немојте да се изненадите ако Ви се упатат такви зборови. Наместо да ги сфатите лично, смогнете сила да водите преку пример користејќи пофални и позитивни зборови.

**Немојте да го изненадувате ученикот со аутизам со промени**

Како што беше споменато претходно, децата со аутизам сакаат рутини. Едноставна промена во некоја рутина - дури и нешто што е забавно изненадување за другите деца - може да има сериозни последици. Кога се планира или очекува промена во рутината, како на пр. нов распоред за седење, спојување на одделенија, нов наставник или друго лице во одделението или излет, едноставно предупредете го ученикот со аутизам за да може да почне да се подготви, но обидете се да ги предвидите и ублажите и последиците.

**На децата со аутизам им треба дополнително време за да процесираат јазик**

Можеби една од најважните работи што треба да ја знаете за аутизмот во училницата е дека на децата со растројство од аутистичниот спектар им треба повеќе време да процесираат јазик. Ако се соочите со празен поглед откако ќе дадете вербални упатства, знајте дека детето веројатно сè уште процесира. Помогнете му со повторување на упатството со истите зборови. Промената на зборовите само ќе бара од него да го започне својот процес одново.

**Детето со аутизам има многу идеи и мислења, дури и ако не може да ги вербализира**

Некои деца со аутизам се невербални, но тоа не значи дека немаат што да кажат. Очекувајте Вашите ученици со аутизам да имаат исто толку идеи и мислења како и секој друг ученик, иако можеби ќе треба да го поттикнете споделувањето на тие идеи на поинакви и разновидни начини.

**Не можете да комуницирате со дете со аутизам како што можете да комуницирате со другите**

Иако може да комуницирате со други ученици користејќи сарказам, идиоми или повишен глас, таквата комуникација со дете со аутизам ќе го нема истиот ефект. Детето со аутизам, исто така, нема да разбере споредби со брат или сестра или со друг ученик ниту не стари или неповрзани настани. Ваков вид на комуницирање или ќе го збуни или, во најлош случај, уплаши.

**Користете позитивно нагласување наместо казнување**

Казнувањето, исто како и определени методи комуникација, не е ефективно кај децата со аутизам. Тие погрешно ќе ја протолкуваат негативната казна, но многу подобро ќе реагираат на позитивно нагласување и поттикнување. Разговарајте со родителите за тоа кои методи на казнување и дисциплина ги сметаат за најефикасни.

**Користете одмор како позитивно нагласување и поттикнување**

Како што беше претходно споменато, сетилата на детето со растројство од аутистичниот спектар работат прекувремено обезбедувајќи недоверливи информации. Како што веројатно можете да замислите, тоа исцрпува. Кога детето со аутизам ќе ги исполни поставените задачи, цели и стандарди, наградете го со време за одмор и опуштање, на пр. да седи 10 минути во некое катче со книга и слушалки.

**Овозможете му на аутистичното дете време и простор за саморегулирање**

Времето поминато во некое катче со книга и слушалки не мора секогаш да биде награда. Редовно време и простор за декомпресија на детето помага за саморегулирање, односно за подобрување на контролата врз емоции и однесувањето, со што се олеснува справувањето со познати ситуации но и неочекувани околности.

**Учениците со растројство од аутистичниот спектар имаат многу посебни интереси**

Учениците со растројство од аутистичниот спектар обично покажуваат посебни интереси, често во вид и на опсесија. Иако не е возможно интересите постојано да се следат во училницата, тие можат да се користат како мотивациски потстрек во учењето На пример, ако детето има силен интерес за компјутери, времето на компјутер може да користи како награда. Исто така, наставните материјали и содржини можат да се поврзат со интересот на детето.

**Останете смирени дури и за време на „најлошото“ однесување**

Имајте на ум дека децата со растројство од аутистичниот спектар не сакаат да ја попречат наставата со своите тантруми и изливи на лутина; тоа се случува затоа што сите нивни сетила се преоптоварени. Во таков случај, најпотребно е да останете смирите и да му пружите поддршка. Светот за време на тантрум е веќе застрашувачки и на детето не му треба паничен или лут наставник.

**Зборувајте буквално**

Бидејќи на децата со растројство од аутистичниот спектар им треба подолго време да го процесираат она што ги слушаат, најдобро е наставникот да зборува буквално. Кажете му на детето што точно мислите, без да користите споредби, метафори или идиоми.

**Избегнувајте ги дури и најчестите идиоми**

Децата со растројство од аутистичниот спектар имаат проблем да ги разберат вообичаените идиоми како што се: „Ни лук јал ни лук мирисал“, „Ми пукна главата“ или „Летна времето“, и затоа избегнувајте ги.

**Поедноставете им го избирањето на учениците со аутизам**

Сите деца, вклучително и оние со растројство од аутистичниот спектар, имаат корист од донесување избор. Обидете се да не поставувате отворени прашања од типот: „Каква активност би сакале да играте на одмор денес? Наместо тоа, прашајте: „Дали повеќе би сакале да играте брканица или криенка? Ваквите јасни формулации бараат помалку време за процесирање, помалку дискусија и посилно чувство на заедништво.

**Користете фотографии и примери за тоа како изгледа готова изработка**

Учениците со растројство од аутистичниот спектар имаат проблем да разберат нешта што не се буквални. Исто така, им треба подолго време за процесирање информации. Од голема корист ќе им биде ако пред отпочнување на работата им покажете на учениците примери на завршени изработки, со што ќе имаат јасна слика што треба да прават.

**Децата со растројство од аутистичниот спектар често имаат тешкотии со моторните вештини**

Не е невообичаено децата со аутизам да имаат потешкотии со моторните вештини, и затоа може да размислите да им овозможите алтернативи за пишување со рака.

**Наглите промени во однесувањето обично означуваат анксиозност**

Да се живее во спектарот на аутизам значи да се живее со сензорен систем кој постојано ве бомбардира со информации кои можеби се точни или не. Ако забележите нагла промена во однесувањето кај ученикот со аутизам, знајте дека најверојатно тоа не е затоа што тој одлучил биде непослушен барајќи внимание или забава, туку доживува анксиозност поради нешто во опкружувањето.

**Имајте на ум дека уредувањето на училницата може да биде престимулитивно за дете со аутизам**

Квалитетната средина за учење често изобилува со разновидни бои и текстури. Иако таквото уредување забавно и стимулативно за мнозинството, многуте светли бои без место за одмор на очите можат да го оптоварат сензорниот систем на ученикот со аутизам. Изберете место во училницата (можеби кон предниот дел) каде ќе поставите помалку украси и помалку интензивни за ученикот да може да ги одмори очите.

**Внимавајте на детето за време на одморите**

Како и секое дете, на ученикот со растројство од аутистичниот спектар му треба социјализација за време на одморите. Посветете му дополнително внимание за овие моменти на дружење да се корисни и не пренапорни и ученикот и за соучениците.

**Репетитивните постапки го смируваат детето со аутизам**

Детето со растројство од аутистичниот спектар користи репетитивни движења, како што се лулањето и чекорењето, за да ја намали анксиозноста. Но покрај ова, со воспоставување рутина (за текот на наставниот ден или час, за одморите итн.) овозможување смиреност за сите ученици, со што се подобрува и дисциплината и концентрацијата.

**Помогнете во организирањето**

Организирањето е вештина што треба да се научи. Иако многу деца имаат мака да останат уредни и организирани, имајте на ум дека на ученици со аутизам ова им е особено тешко. Помогнете им со тоа што ќе ги водите и насочувате низ процесите на распакување, премин од една кон друга активност, час или предмет и пакување сè додека ова не им стане рутина. Чести проверки на клупата се исто така корисни, бидејќи така учениците ќе научат дека се очекува нивниот работен простор да биде уреден.

**Сакајте ги учениците со аутизам исто како што го сакате секое друго дете во училницата**

На крај не заборавајте дека децата со растројство од аутистичниот спектар се, пред сè, деца. Тие се духовити, топли, полни со љубов и истата ја заслужуваат.